# ИНФОГРАФИК

## КВАРТАЛЕН

**за постапувањето на КСЗД за заштитата од дискриминација на жените од маргинализираните заедници**

Мониторингот за постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во однос на заштита од дискрминација на жени од маргиниализирани заедници беше спроведен во рамки на проектот „Еднаквост сега - Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација“. Проектот го спроведува Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Коалиција Маргини. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

**Период на следење**
**01.04.2026 до 31.05.2026**

| | |
|---|---|
| Вкупен број на претставки поднесени пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација | Во периодот на следење пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се поднесени **61** претставка за дискриминација |
| Број на претставки поднесени од страна на жени | Од вкупно 61 поднесена претставка во периодот на следење **22** се поднесени од страна на жени (од нив 4 се поднесени во име на дете на подносителката на претставката, а 1 во име на сестра на подносителката на претставката) |
| Претставки поднесени од жени припаднички на некоја од маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички) | **3** претставки се поднесени од страна на жени со место на живеење во рурална средина |
| Број на претставки поднесени од жени од Скопскиот плански регион | **2** претставки се поднесени од жени од рурални средини со место на живеење во општините од Скопскиот плански регион. |
| Начин на поднесување на претставките (онлајн или на конвенционален начин) | **9** претставки се поднесени онлајн (електронска претставка преку веб страницата на Комисијата или на поднесок испратен на е-пошта на Комисијата)<br>**13** претставки се поднесени на конвенцио-нален начин (пошта или директно во просториите на Комисијата) |
| Број на отфрлени претставки поднесени од страна на жени | Во извештајниот период Комисијата донела **1** заклучок за отфрлање на претставка |
| Број на отфрлени претставки од жени припаднички на маргинализираните заедници | Во извештајниот период Комисијата нема отфрлено претставки поднесени од жени припаднички на маргинализираните заедници, односно жени од рурални средини |
| Број на претставки поднесени од жени во кои Комисијата утврдила дискриминација/ интерсекциска дискриминација | Од претставките поднесени во извештајниот период од 01.04.2026 до 31.05.2026 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема донесено мислење со кое се утврдува дискриминација |

online .post

Содржината на овој инфографик е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права, ХОПС-Опции за здрав живот и Коалиција Маргини и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.